Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-328/7

23-11-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 328/1 од 03.06.2022 година, поднесена од [redacted] против градоначалникот на Општина Штип – [redacted] за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување и образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 22.11.2022 година го донесе следното:

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување и образование во областа на работата и работните односи од страна на градоначалникот на Општина Штип – [redacted] кон [redacted]

О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08 – 328/1 на 03.06.2022 година, од подносителот [redacted] за извршена дискриминација по основ на политичко уверување и образование во областа на работата и работните односи, од страна на градоначалникот на Општина Штип – [redacted].

Подносителот на претставката до 26.01.2022 година бил вработен во Општина Штип, на работно место – командир на Територијална противпожарна единица Штип.
Според подносителот за конкретното работно место, согласно систематизацијата на Општина Штип потребен е висок степен на стручна подготовка, кое подносителот на претставката навел дека го поседува. Во претставката навел дека има стекнато високо образование на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Филозофски факултет, отсек – одбрана и заштита. Воедно навел дека од 1991 година е член на Социјалдемократкиот сојуз, а досега активно учествувал во политичкиот живот на општината. Во неколку наврати извршувал политички функции, меѓу кои во два мандати бил Секретар на Општинската организација на СДСМ во Штип.

Според наводите од претставката, врз подносителот на претставката се вршеле притисоци кои започнале со изборот на актуелниот градоначалник на Општина Штип, а резултирале со негово прераспределување. Имено, градоначалникот на Општина Штип донел Решение за распределба на работно место, со кое од работното место командир на Територијална противпожарна единица Штип бил распореден на работно место – курир. За работното место – курир, согласно систематизацијата на општината потребно е средно образование.

Посоченото Решение било донесено без конкретна поткрепа и образложение, а според подносителот со распределбата тој е дискриминиран врз основа на неговото образование. Во претставката е наведено дека причина за дискриминаторското постапување е фактот што тој е активен и истакнат член на политичка партија, на која не припаѓа актуелниот градоначалник.

Подносителот на претставката го обжалил Решението за распоредување на работно место, по што Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ја уважила жалбата, а Решението за распоредување на работно место го поништила. Врз основа на таквата состојба, подносителот на претставката би требало да ги извршува работните

задачи за работното место на кое бил распореден пред донесување на Решението – командир на ТППЕ Штип.

Подносителот информираше дека и покрај одлуката на Второстепената комисија, неговиот работодавач – градоначалникот на Општина Штип се' уште не го вратил на работното место. Таквата состојба кон подносителот на претставката има и финансиски импликации, бидејќи му се исплаќа помала плата, односно плата за работното место – курир.

Во претставката дополнително беше наведено дека Општината објавила јавен оглас за вработување на неопределено време на работно место – командир на ТППЕ Штип, а согласно систематизацијата на Општината за тоа работно место е предвиден еден извршител.

Ценејќи ги наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 14.06.2022 година испрати Известување бр. 08 - 328/2 за произнесување по наводите од претставката и Известување бр. 08 – 328/3 од 26.08.2022 година до градоначанилкот на Општина Штип – [redacted].

Од причина што потенцијалниот дискриминатор не се произнесе во законскиот рок, дополнително беше испратена Ургенција бр. 08 – 328/5 од 19.10.2022 година, со која беше известен дека доколку не се произнесе во предвидениот рок, Комисијата при носење на одлуката ќе ги цени исклучиво наводите изнесени во претставката.

На 14.11.2022 година до Комисијата беше доставено произнесување по наводите од претставката од градоначалникот на Општина Штип – Иван Јорданов. Во произнесувањето беше наведено дека Дирекцијата за заштита и спасување – Сектор за генерален инспектор на 19.10.2022 година извршил вонреден инспекциски надзор во досието на вработениот Тони Атанасов. Инспекцискиот надзор е базиран на Законот за пожарникарство и при истиот се утврдени следните неправилности:

- Согласно член 11 од Законот за пожарникарство за пополнување на работното место во ТППЕ, локалната самоуправа е должна да објави јавен оглас. При распоредување на работникот [redacted] на работно место командир на ТППЕ, Општина Штип не објавила јавен оглас;
- Градоначалникот не формирал комисија за селекција;
- Во досието на вработениот нема работно искуство во струката евидентирано во АВРМ (за нивоа А3, А4, А5 пет години работно искуство);
- Во досието на вработениот нема сертификат за пожарникар (со кој имал обврска да се стекне во рок од 1 година).

Врз основа на инспекцискиот надзор, видно од Записникот за извршен инспекциски надзор бр. 0804 – 42 правната квалификација на прекршокот, односно неправилностите се однесуваат на чл. 11, чл. 11 – б, чл. 11 – к од Законот за пожарникарство.

Во периодот од 05.03.2022 до 14.07.2022 година Државниот завод за ревизија извршил ревизија во работењето на Општина Штип за 2021 година. Видно од извештајот бр. 26 – 121/12, со ревизијата на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметката и исплатата на платите и надоместоците на вработените кои немаат статус на административни службеници и во ТППЕ било констатирано следното:

- „Командирот на ТППЕ во периодот од 2017 до 2022 година не ги исполнувал потребните квалификации пропишани за работното место. Имено, лицето е распоредено на работното место без јавен оглас, во моментот на назначување не го поседувал потребното работно искуство и не поседувал сертификат за класификација пожарникар. Оваа состојба не е во согласност со член 11 став 1 и став 14, член 11 – б став 10 точка в алинеија 1 и член 116 став 10 точка б алинеија 2 од Законот за пожарникарство и придонела ТППЕ во горенаведениот период да не биде водена од страна на стурчно и квалификувано лице што создава ризик од пропусти при раководењето со истата. Во 2022 година лицето поради неисполнување на условите е разрешено од работното место командир на ТППЕ и е распоредено на соодветно работно место."

Во произнесувањето беше наведено дека во конкретниот случај не станува збор за повреда на личноста на вработениот или дискриминација кон него, туку примена на законската регулатива. Од горенаведените причини, наведе дека ќе продолжи со отклонување на сите неправилности и повреди на законите кои се направени во врска со работното место командир на ТППЕ Штип.

Од така изнесените факти и околности произлегува дека вработениот [redacted] не ги исполнувал условите за конкретното работно место и постапката за неговото вработување не била во согласност со законот. При така констатирана состојба, работодавниот орган – градоначалникот на Општина Штип за прераспределувањето на вработениот имал легитимна и објективно оправдана цел, односно законито работење на Општина Штип. Од тие причини постапил во насока на отклонување на претходно создадените нерегуларности во врска со работното место комадир на ТППЕ Штип, односно работното место на подносителот. Во таков случај не може да стане збор за дискриминација, бидејќи не постои повреда на право на подносителот на претставката, туку отклонување на незаконита состојба. Оттука произлегува дека не е исполнета законската дефиниција за дискримиација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Заради сето горенаведено Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на политичко уверување и образование во областа на работата и работните односи од страна на градоначалникот на Општина Штип – [redacted] кон [redacted].

Скопје
22.11.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- Градоначалник на Општина Штип со адреса на ул. Васил Главинов бр. 4Б, 2000 Штип
- Тони Атанасов со адреса на ул. Васил Главинов бр. 4Б, 2000 Штип